РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12- 8052 /4 (2022)

19 -06- 2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител без адресни податоци за контак, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-та седница одржана на 16.06.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-8052/1 од 30.08.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај не се потврдени наводите во пријавата.

Предметот со број 12-8052/1 од 30.08.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 30.08.2022 година доставена е пријава со наводи против лица вработени како советници во Одделението за имот и имотно правни работи во _____ ______, по што ДКСК оформи предмет број 12-8052/1 од 30.08.2022 година.

Пријавените наводи се однесуваат дека вработените злоупотребувајќи ја службената должност преку учество во спроведена постапка за оттуѓување на државно земјиште овозможиле со право на сопственост да се стекне лице кое наводно било во блиски пријателски односи со нив за спроведување на постапки за јавбно наддавање. Станува збор за државно земјиште лоцирано на _ ____ _____, а целокупната постапка на реализираната купопродажба била спроведена од страна на _______ _______.

Во своето надлежното постапување по оформениот предмет, ДКСК достави барање до _______ _______ за прибирање на дополнителни податоци и информации, на што добиен е одговор и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од страна на _______ _______ за оттуѓување на наведеното градежно земјиште, била објавена објава 1/2019 година, заведена под деловоден број 12-94/2019 година, и постапката по објавата била евалуирана од страна на Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање, сочинета од претседател и 6 членови, формирана со донесено Решение од градоначалникот на општината. Се наведува дека целокупната постапка била водена во електронска форма преку Информацискиот систем градежно-земјиште.мк, а од општината во прилог е доставена и комплетната документација во електронска форма (цд) за спроведениот процес и реализираната трансформација на посоченото државно земјиште во приватна сопственост.

Од увидот на документацијата ДКСК констатира дека не се потврдуваат наводите во пријавата. Врз основа на наведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: П.Б
Одобрил : В.Г.,член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk